**Виолета АЧКОСКА**

# ХРОНОЛОГИЈАТА ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА (1943–1953)

Определувањето на времето на историскиот настан, појава или процес е мошне битен елемент во научното толкување на историјата и посебно важен сегмент во запазувањето на постапноста и систематичноста во наставата по историја каде најчесто содржините течат по хронолошки ред. Дури и тогаш кога материјалот се изучува проблемски, се внимава на последователноста и на хронолошкиот редослед на појавите и настаните во дадениот проблем. Затоа, во сите методики на наставата по историја авторите му придаваат големо значење на изборот на хронологијата во учебниците и во наставниот процес. Истовремено, тие даваат вообичаени методски упатства за тоа како учениците најлесно да ги совладаат (запомнат) хронолошките податоци.[1]

Утврдувањето на хронологијата на историските настани, покрај своја методолошко-техничка (чиишто проблеми ги решаваат помошните научни дисциплини), има и методолошко-филозофска страна која се обидува да ја реши историската научна методологија. На тој план, посебно е важно осветлувањето на проблемот на разликата помеѓу календарското и историското време. Благодарејќи на рамномерноста во течението на календарски сметаното време, тоа може да послужи како скала на која динамичната и нерамномерна историја ги внесува своите пресврти. Ако е очигледно дека календарското време претставува *квантитивна* мера на историското движење, тогаш на објективно-историски план социјално-историското време претставува *квалитативна* страна на тоа движење. Затоа огромен интервал од календарското време може да означува само безначаен пат низ кој поминало

---

[1] Види: Potrebica, Pavičić, *Metodički priručnik za nastavnika, uz udžbenik povijesti za VIII razred osnovne škole, „Čovek u svom vremenu“*, ŠK, Zagreb 1989; Vrbetić M., *Kako učiti istoriju*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1983; Барг А. М., *Категории и методи исторических науки*, Москва, 1984; Морозов К. С., *Значење и схватање историских чињеница и њихово правилно распоређивање хронолошким редом*, „Психологија учења историје“, Сарајево 1965; М. Перовиќ, *Методика наставе историје*, Београд 1995; Stražev I. A., *Metodika nastave istorije*, Sarajevo 1965; Nuša Kern A., Nečak D., Repe B., *Naše stoletje*, Ljubljana 1997; Erarbeitet von Bernhard Heinloth, Franz hermann Hubertu, Helmut Kistler, Herbert Michel, Gertrud Tinkl, *Oldenburg Gechichte für Gymnasien*, 9, München 1994; Steele, J. L. and Steele P. (1991), *The thinking-writing connection: using clustering to help students write resuasively.* Reading Horizons, Vol. 32, 41–50.

даденото општество – и обратно, безначаен интервал од календарското време може да означи огромен пат поминат во историското време.

Хронолошките датуми, земени во својата севкупност и систем, при распоредувањето на историските факти претставуваат основа на сличен начин како што мрежата на меридијани и паралели претставува основа за разместување на географските податоци. Само со нивна помош е можно да се утврдат правилните заемни односи помеѓу појавите во историскиот процес и со совршена точност да се определат сите факти и настани во нивните временски односи. Хронолошките датуми се своевидни патокази што ги разместуваме на историскиот пат кои ни помагаат да го видиме движењето на историскиот процес заедно со етапите на неговиот развој. Затоа е потребно разбирањето за хронолошкиот редослед на настаните да се остварува преку разбирањето на историските појави, преку откривањето на каузалните врски меѓу нив, како и преку следењето на промените во нив.

Кога се движиме од праисторијата до најновата историја, бројот на хронолошките датуми е с¡ поголем, не само затоа што датумите во поновата историја можеме поегзактно да ги утврдиме, туку и заради фактот што тука имаме поголема густина на настани. Тоа значи дека се стретнуваме со многубројни датирани настани кои се дел од процесите и од многу *динамичните промени* својствени за втората половина на XX век.

Како таков карактеристичен случај тука ќе го наведеме периодот 1943–1953 година од историјата на Република Македонија, во кој: се приведе успешниот крај на антифашистичката народноослободителна борба на македонскиот народ во вардарскиот дел од Македонија; се создаде првата современа македонска држава; дојде до целосна промена на политичкиот систем и на носителите на државната власт во лицето на „народната држава"; се создадоа основите на едно силно национално самопотврдување на македонскиот народ преку формирање на национални институции; за првпат македонскиот јазик беше прогласен за државен и рамноправен со другите јазици во рамките на Југословенската федерација итн., а од другата страна се случуваа политичките и идеолошки пресметки и чистки; политичко насилство; гушење на слободите; процеси на изградување на „тврда" федерација од советски тип; изнасилена административна принуда над целокупното стопанство, а особено во аграрот итн. Следејќи ги, година по година, десетте хронолошки години, би можеле да утврдиме различен број побитни настани во секоја од нив, што од своја страна зборува за интензитетот на случувањата.

Кога би сакале целосно и прегледно да го претставиме овој период, најдобро би било да го расчлениме проблемски: а) политички настани, б) културен подем, в) економски мерки итн. Но и при такво претставување на хронологијата за 1943–1953 година би наишле на тешкотии зашто, најчесто, во многу сегменти овие проблемски сфери се испреплетуваат и не можат шематски да се одделат (посебно ако се има предвид и фактот дека КПЈ–КПМ била единствената раководна сила во сите тие процеси и промени што се случуваа во наведениот прериод).

Со оглед на тоа што пишувањето на македонската историја за периодот по 1945 година сè уште се наоѓа во фазата на фундаментални, во многу сегменти почетни истражувања, а веќе во наставата – наставните програми

и учебниците е воведено нејзиното изучување, подолу ќе направиме обид за делумно прикажување на една општа хронологија на настаните, повеќе од економската и политичката историја на Македонија и на Југославија како федерална заедница на која ДФ Македонија £ пренесла дел од својот суверенитет. Хронологијата треба да им послужи на наставниците што го предаваат овој материјал за нивна попрецизна ориентација во времето и случувањата. Таа се движи во периодот од 29 ноември 1943 г., денот на формирањето на југословенската федерација во која Македонија стана конститутивен елемент, а завршува со 27 мај 1953 година, кога е донесена мерката за ограничување на земјишниот максимум, како последна мерка на директната државна интервенција во сферата на аграрно-сопственичките односи коишто биле извонредно битни за Македонија како аграрна земја.

## Македонија во југословенската федерација хронологија на настаните (29 ноември 1943 – 27 мај 1953)

➲ 29 ноември 1943. – Во Јајце е одржано Второто заседание на АВНОЈ за да се потврди процесот на федеративната институционализација на Југославија, а АВНОЈ да се конституира како врховно претставничко тело на Југославија за време на народноослободителната борба. Македонскиот народ се здоби со положба на конституитивен субјект на новата југословенска држава. Македонците од вардарскиот дел на Македонија се определија за заеднички живот во Југославија како федеративна заедница на рамноправни народи.

➲ ноември (втора половина) 1943. – Формиран е Иницијативен одбор (ИО) за свикување на Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Во почетокот ИО броел 9, а подоцна нараснал на 22 члена. На чело на ИО бил Методија Андонов – Ченто.

➲ 22 декември 1943. – Одржан е Првиот конгрес на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија (НОМСМ) во с. Фуштани, Егејска Македонија. Напоредно со овој конгрес се одржа и партиско советување, познато како *Фуштанско советување.*

➲ 31 јануари 1944. – Започна Февруарскиот поход, организиран од Главниот штаб на НОВ со цел да се интензивираат борбените активности во централниот и источниот дел на Македонија.

➲ 25 април – 19 јуни 1944. – Офанзива на окупаторските сили во Македонија, главно бугарски, позната како *Пролетна офанзива,* преземена со цел да ги зацврстат позициите на линијата што обезбедувала повлекување од Грција и Албанија преку комуникациите во Македонија. Наспроти ова, и ГШ на НОВ на Македонија планирал офанзива со која би се засилила народноослободителната борба.

➲ 6 мај 1944. – Одржан е заеднички состанок на ИО за свикување на АСНОМ и на ГШ во НОВ и ПОМ, на кој е определена делегација (Методија Андонов – Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев) со задача да оди на о. Вис кај претседателот на Националниот комитет на ослободувањето на

Југославија (НКОЈ) Јосип Броз Тито и да му ги пренесе ставовите во врска со македонското прашање. Делегацијата добила детални упатства, изразени во 4 точки: ① да се испита и да се побара мислење од врховните тела на федеративна Југославија, во склад со меѓународната положба и прашањето за целосно обединување на Македонија; ② да се побара од Советскиот Сојуз да испрати своја мисија во ГШ на НОВ и ПОМ; ③ да се засили пропагандата на македонски јазик преку радио Слободна Југославија со по еден час програма на македонски јазик, а пропагандниот материјал што го фрлаат сојузничките авиони да биде испишан на македонски јазик; ④ се овластува делегацијата да испрати покана до македонската емиграција во целиот свет, за помош на борбата на македонскиот народ.

➲ 24 јуни 1944. – Седница на НКОЈ и на македонската делагација на Вис. Делегацијата заедно со Светозар Вукмановиќ – Темпо на 18 јуни пристигнала на Вис. На седницата Тито декларативно ги подржал барањата за обединување на македонскиот народ, но со извесно ублажување, при што произлегле следните заклучоци: ① се уважува правото на македонскиот народ и неговото тежнение за обединување на сите негови делови како негово постојано барање; ② со оглед на актуелната меѓународна положба, преранието е ова прашање да се постави во овој момнт затоа што би се довеле во неповолна положба и Македонија и Југославија; ③ развивање на борбата вȍ сите три дела на Македонија со помагање на ослободителното движење на македонскиот народ против окупаторот, со изразување на желбата на другите два дела преку борба да дојдат до свое самоопределување; и ④ македонскиот народ во Југославија ќе помага вакви и слични ослободителни движења каде и да се појават тие.

➲ 2 август 1944. – Во манастирот Св. Прохор Пчински, Кумановско, е одржано Првото заседание на АСНОМ. Биле донесени 9 решенија од кои најзначајни се: Решението за прогласување на АСНОМ за највисоко законодавно и извршно народно претставничко тело на македонската држава; Решението за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава и Декларацијата за основните права на граѓаните на Македонија. Овие решенија биле основа врз која било прогласено создавањето на македонската држава. Првото заседание на АСНОМ избрало Президиум (Претседателство) на АСНОМ кој извршувал функција на влада, а го имал следниот состав: Методија Андонов – Ченто – претседател; Панко Брашнаров и Емануел Чучков – потретседатели; Љубомир Арсов и Владимир Полежиновски – секретари; Венко Марковски, Цветко Узуновски, Богоја Фотев, Михаил Апостолски, Страхил Гигов, Петре Пирузе, Кирил Петрушев, Јован Ѓоргов, Епаминонда поп Антонов, Генадие Илиев Лешков, Ќемал Аголи, Лазар Соколов, Вера Ацева, Камбер Хасан, Ацо Петровски, Младен Ѓорѓев Челопечки и Лилјана Чаловска, членови.

➲ 6 август 1944. – Седница на Президиумот на АСНОМ на која во овој орган биле коптирани и: Кирил Крстев, Васил Калајџиевски, Живко Брајковски и Абдула Алија.

⇨ Президиумот на АСНОМ носи *Решение* со кое организира повереинства и тоа: за информации, за внатрешни работи, за просвета, за народно сто-

панство и економска обнова, за финансии, за сообраќај и градежништво, за социјална политика и народно здравје и за судство.

➲ 21 август 1944. – Писмо на претседателот на Президиумот на АСНОМ, Методија Андонов – Ченто до Јордан Чкатров, во кое го поканува да се вклучи во народноослободителната борба на македонскиот народ. Чкатров по војната е осуден од Народниот суд како „народен предавник".

➲ 2–5 септември 1944 – На третата седница на Првото заседание на АСНОМ, Президиумот донесол *Решение за запазување статусkво над населеничките имоти*, Ова Решение, Президиумот на АСНОМ, го надополнува со *Решение за непризнавање на никакви склучени продажби на недвижни имоти од 1941 па наваму*, донесено на 3. декември 1944 г.

➲ октомври – ноември 1944. – Потпишан е вториот договор помеѓу претседателот на на Кралската влада во бегство, д-р Иван Шубашиќ и претседателот на НКОЈ Јосип Броз Тито. Со договорот се предвидувало решавање на проблемот на двовластието во земјата, но фактички е прифатено нејзино федеративно уредување по војната и од страна на владата во бегство.

➲ 21 октомври 1944. – Президиумот на АСНОМ носи *Упатство за организација и работа на народноослободителните одбори како органи на државната власт во федерална Македонија во демократска федерална Југославија.*

➲ 19 ноември 1944. – Конечно ослободување на Македонија во Втората светска војна, со протерувањето од Гостивар и Тетово на последните окупаторски и колаборационистички сили.

➲ 21 ноември 1944. – АВНОЈ донесува *Решение за преминување во државна сопственост на непријателските имоти, за државна управа над имотите на непријателските лица и секвестарот над имотите кои ги отуѓиле присилно окупаторските власти.* Со ова решение, прво, се конфискувала целокупната сопственост на германската држава и на нејзините државјани на подрачјето на Југославија, потоа имотот на лицата од германската народност, со исклучок на учесниците во НОВ, и второ, конфискуван е имотот на воените злосторници и на нивните помагачи, и трето, сопственост на државата станало сето богатство стекнато со стопанското работење во текот на војната.

➲ 26–27 ноември 1944. – Во Скопје е одржан конгрес на Народноослободителниот фронт на кој се избира и Главен одбор на Единствениот народноослободителен фронт (ЕНОФ) на Македонија, чија основна задача беше да формира мрежа на одбори на ЕНОФ во целата територија на ДФМ.

➲ 27 ноември – 4 декември 1944. – Работи Првата комисија за јазик и правопис (Филолошка комисија), избрана од Президиумот на АСНОМ заради дооформување на македонскиот литературен јазик, азбуката и правописот.

➲ 7 декември 1944. – Президиумот на АСНОМ го разгледал *Докладот по резолуцијата на Комисијата за македонската азбука.* Ставајќи го Докладот на јавна дискусија, Поверенството за просвета при Президиумот утврдил привремена азбука во учебната 1944/45 година.

➲ декември 1944. – Врховниот командант на НОВЈ Јосип Броз Тито организирал советување со командантите на армиските и главните штабови, при што Главниот штаб на НОВ и ПОМ добил задача да подготви еден кор-

пус со две дивизии во состав на Првата армија на НОВЈ на Сремскиот фронт. Со наредба на ГШ од 4 јануари 1945, за командант на Корпусот беше поставен Алексо Демниевски – Бауман (борец од Шпанската граѓанска војна). На 7 јануари 1945 дојде до побуна на дел од силите на НОВМ, стационирани на скопското Кале, против заминувањето на Сремскиот фронт и со барање да се оди на Солун. Во операциите и борбите за конечното ослободување на Југославија, загинаа околу 1 400 – 1 500 македонски борци и преку 3 000 беа ранети.

➲ 28–30 декември 1944. – Во Скопје е одржано Второто заседание на АСНОМ.

➲ 30 декември 1944. – Со *Решение* на Президиумот на АСНОМ се создава суд за судење на престапи извршени против македонската национална чест. Народното собрание на Македонија, на 16 април 1945, донесе *Закон за изменување и дополнување на Решението на АСНОМ за создавање на суд за судење на престапленија извршени против македонската национална чест*. Президиумот на Народното собрание на Македонија на своето заседание од 1 јули 1945 донесе *Закон за укинување на сите акти со кои се создава Суд за судење престапи извршени против македонската национална чест*. Според овој Закон, сите престапи и други дела извршени против татковината се разгледуваат и се пресудуваат од страна на редовните народни граѓански и воени судови.

⇨ Панко Брашнаров на Второто заседание на АСНОМ, поради неговите барања за обединување на Македонија и ставовите за невраќање на српските колонисти и на чиновниците од немакедонско потекло во Македонија, бил деградиран и избран само за член на АСНОМ. Истото се повторило и на Заседаниото на АСНОМ од 16 април 1945 кога, како член на Президиумот, немал речиси никакви задолженија.

➲ 6–8 јануари 1945. – Во Скопје е одржан Вториот конгрес на НОМСМ на кој основни теми биле: учеството на младината во конечното ослободување на Југославија и улогата на младината во обновата и изградбата на земјата. На конгресот присуствувале преку 1000 делегати како и претставници на антифашистичката младина на Албанија, Бугарија и Грција, претставници на младината на Советскиот Сојуз и претставници од другите федерални единици на ДФЈ.

➲ 10 јануари 1945. – Во Скопје е одржан општ работнички митинг на кој се поставени основите на Единствените синдикати во Македонија. На собирот е избран Акционен синдикален одбор на Македонија со задача да формира мрежа на синдикални одбори во сите градови на републиката. Набрзо потоа, Акциониот синдикален одбор ее преименуван во Земски одбор на Единствените синдикати на Македонија.

➲ 1945 година. – Албанците во Македонија ја формираат илегалната организација наречена Национал Демократик Шиптаре. Основна програмска цел на организацијата било отцепување на автономната област Косово и на поголем дел од НРМ, уривање на комунистичкиот режим во НР Албанија (со слична организација во странство и со помош на интервенционисти) и создавање на голема Албанија“ На 11 јануари 1947 г. јавниот тужител на

НРМ покренува обвинение против 17 членови на Национал Демократик Шиптаре, а нивното судење завршило на 7 февруари 1947.

➲ 3 февруари 1945. – Претседателството на АВНОЈ донесе *Одлука за формирање на Врховниот суд на ДФ Југославија* и *Одлука за организирање и надлежност на Јавното обвинителство на ДФЈ.* Кон организирањето на такви органи се пристапи и во федералните единици, со што се градеше унифициран систем на правосудната власт.

➲ 22 февруари 1945. – Президиумот на АСНОМ носи *Одлука за распишување на избори за селски (градски, реонски) и околиски народноослободителни одбори.* Врз основа на оваа Одлука, од 11 до 25 март и.г. во Македонија се реализираа и првите слободни избри „со примена на принципите на демократското изборно право".

➲ 4–5 март 1945. – Во Скопје е свикан Првиот македонски црковнонароден собор на кој присуствувале 300 делегати (свештеници и мирјани), како и претставници на Президиумот на АСНОМ, на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, на Народниот фронт и други гости. Во резолуцијата донесена на соборот било заклучено: да се обнови Охридската архиепископија како самостојна македонска црква; црквата да има свои народни епископи и народно свештенство; првиот македонски архиереј да носи титула Охридски архиепископ, а православната македонска црква да се нарече Св. Климентова Охридска архиепископија, и др.

➲ 6 март 1945 – Седница на НКОЈ на која е донесена *Одлука за привремена забрана на враќање на колонистите во нивните поранешни места на живеење.* Нејзината важност престанала на 3. август и.г. со донесувањето на *Законот за ревизија на доделувањето земја на бившите колонисти и аграрни интересенти во Македонија и Косовко-метохискатa област*, со оглед на тоа што колонистичкиот проблем се решавал со одредбите на овој Закон. Формално Одлуката е укината 1953 г. со *Уредбата за утврдување на прописите на сојузните органи на управата кои престанале да важат.*

➲ 7 март 1945 – Донесен е *Указ за именување на нова југословенска влада* со кој е формирана Привремена влада на Демократска Федеративна Југославија (ДФЈ).

➲ 9 март 1945 – Привремената влада на ДФЈ носи *Декларација* во која биле изнесени основите на внатрешната и надворешната политика: продолжување на НОБ до дефинитивен крај на војната; приклучување кон Југославија на националните територии на северозапад и север кои по Првата светска војна £ припаднале на Италија; рамноправност на народите; гарантирање на граѓанските слободи и на политичките права; стопанска обнова на земјата и спроведување аграрна реформа и колонизација; зацврстување на натамошната соработка со сојузниците и со соседните балкански народи.

➲ 1 април 1945. – Во ФНРЈ и НРМ започнала пошироко да функционира помошта на УНРРА (United Nation Relief and Rehabilitation Administration – Администрација за помош и обнова при Обединетите нации), а прекинала на 30 јули 1947. Помошта се состоела во стока, главно, прехранбена, со што се задоволувале потребите за прехрана на околу 5 милиони луѓе. Од дадената помош (повеќе од 2 милиони тони стока) на Македонија отпаѓало околу 1/7 или 15%.

➲ 5 април 1945. – АВНОЈ донесува *Упатство за формирање на владите на федералните единици,* што означува барање за унифициран тип државни органи во целата Федерација.

➲ 14–16 април 1945. – Одржување на Третото заседание на АСНОМ, познато и како Второ вонредно заседание, за кое се битни неколку работи: ① поделба на законодавната и извршната власт, ② избор на првата Народна влада на Македонија, ③ Прераснување на АСНОМ во Народно собрание на Федерална Македонија и ④ донесување повеќе законодавни решенија.

➲ 16 април 1945 – Донесен е *Закон за Народната влада на Македонија,* според кој Народната влада е врховен, извршен и наредбодавен орган на државната власт на Федерална Македонија. Избрана е првата Народна влада на Македонија во состав: Лазар Колишевски – претседател; Љупчо Арсов и Абдураим Мехмед – потпретседатели; Киро Петрушев, Павел Шатев, Никола Минчев, Љупчо Арсов, Страхил Гигов, Тоде Ношпал, Богоја Фотев, Неџат Аголи, Вукадин Попадиќ и Георги Василев, министри.

⇨ Новоизбраната Народна влада на Македонија донесе *Декларација* во која ги изнесе програмските цели и задачи коишто стојат пред неа, а пред сѐ конечното ослободување на Југославија, борба за јакнење на братството и единството, борба против шовинизмот и сепаратизмот, обнова на стопанскиот живот, разрешување на колонистичкиот проблем и други мерки во аграрната, просветната, правосудната, здравствената и во други сфери.

➲ 23 април 1945. – Донесен е сојузниот *Закон за спречување на недопуштена шпекулација и стопанска саботажа.* До формирањето на редовните судови, „делата по овој закон“ биле во надлежност на воените судови. На 28 април Владата на НРМ донесе *Решение за ставање вон сила на Законот за спречување на шпекулацијата* донесен на Третото заседанието на АСНОМ.

➲ 24 мај 1945. – Седница на Претседателството на АВНОЈ на која е донесен *Закон против предизвикување на национална, расна и верска омраза.*

➲ 27 мај 1945. – Претседателството на АВНОЈ носи три значајни закони: ① *Закон за постапување со имотот кој сопствениците морале да го напуштат во текот на окупацијата и со имотот одземен од окупаторите и нивните помагачи,* со кој се врши допрецизирање на одредбите на *Решението* од 21.11.1944.; ② *Закон за одземање на воената добивка стекната за време на окупцијата*; ③ *Закон за заштита нанародните добра и нивното управување,* со кој се забранува секакво бесправно отуѓување на народниот имот, негово натрупување кај поединци, а истовремено се обезбедува контрола над работењето и управувањето со народните добра.

➲ 6 јуни 1945. – Претседателството на АВНОЈ го носи *Законот за конфискација и за извршување на конфискацијата* кој прецизно ја дефинирал делумната и целосна конфискација, истовремено задожувајќи ги соодветните територијални инстанци на Државната управа на народните добра (ДУНД) да располага со конфискуваниот имот.

➲ 7 јуни 1945. – Министерството за народна просвета носи *Решение* со кое е озаконет македонскиот правопис, чиј проект, претходно, на 2 јуни беше усвоен од Комисијата за јазик и правопис.

➲ 4 јули 1945. – Министерството за внатрешни работи донело *Решение за забрана на продажбата, купувањето и задолжувањето на земјоделското земјиште, шумите и земјоделските зgради и објекти*, со оглед на веќе најавената аграрна реформа и ревизијата на доделувањето земја на бившите колонисти и аграрни интересенти во Македонија.

➲ јули 1945. – Укинување на реквизицијата и воведување на *задолжителен откуп на земјоделски производи* со кој беше заменет слободниот пазар на земјоделски производи. Преку откупот државата обезбедуваше прехрана за неземјоделското население и суровини за индустријата. Најнапред беше воведен како привремена мерка, а потоа станува траен систем (1947–1953).

➲ 23 јули 1945. – Стопанскиот совет носи *Решение за формирање на земјоделска комисија за Војводина,* во чија надлежност било раководењето со имотите кои по Решението на АВНОЈ од 21.11.1944 биле конфискувани од лицата од германска народност и од народните непријатели, како и да раководи со земјишниот фонд кој требало да се формира со спроведувањето на аграрната реформа и колонизацијата.

➲ 31 јули 1945. – Седницата на Законодавниот одбор на Претседателството на АВНОЈ на која избиле многу остри расправии околу создадената нетрпеливост помеѓу колонистите Срби и Црногорци од една страна и домашното население во Македонија од друга страна. Притоа, Емануел Чучков, заземал решителен став против колонистите, сметајќи дека тие се наоѓаат во Македонија заради остварување на големосрпските цели и дека ја загрозуваат македонската нација. На другата страна, Сретен Вукосавлевиќ и Марко Вујачиќ, тврделе дека овие колонисти не ја загрозувале македонската нација, додавајќи со навредлив тон: „ако таа воопшто постои“. Вујачиќ изразил посебна недоверба кон Е. Чучков како припадник на ВМРО и непартиец, барајќи по тоа прашање да разговара само со комунисти. Затоа веќе следниот ден, на 1 август 1945 г., во Белград бил повикан Лазар Колишевски, кој изјавил дека ќе се работи „сосема согласно“ на упатствата што ќе ги изработи министерот за колонизација и дека ќе се постигне договор „во поглед на враќањето на колонистите во Македонија“.

➲ 3 август 1945. – Претседателството на АВНОЈ го носи *Законот за ревизија на доделувањето земја на бившите колонисти и аграрни интересенти во Македонија и Косовско-метохискатa област* со цел да се исправи повредата на сопственичките права направени со аграрната реформа во периодот 1919–1941 во Македонија и во Косовско–метохиската област.

➲ 7 август 1945 – Во Белград е одржано Третото заседание на АВНОЈ, кое проширено со пратеници од граѓанските партии (до 1941), го променило своето име во Привремено народно собрание на Југославија.

➲ 23 август 1945. – Привременото народно собрание на ДФЈ го донесе *Законот за аграрна реформа и колонизација*, правен акт со кој се регулира прашањето околу промената на земјишно–сопственичките односи во Југославија 1945–1948. Содржел две компоненти: 1. аграрна реформа; 2. Колонизација. Бил заснован брз принципот дека земјата му припаѓа на оној што ја обработува. Со примената на овој Закон се експроприрани големите поседи и се укинати феудалните остатоци во земјишните односи. Приватниот земјиштен посед се ограничи на 45, односно 20–35 хектари доколку се обработу-

ва со наемна работна сила, а за неземјоделското население на 3 хектари. Беше експроприрана и земјата на верските заедници (85% од вкупната површина на нивните поседи), на банките и на акционерските друштва. Право на доделување земја имале земјоделците без земја или со недоволно земја со цел за нејзино обработување и за сопствено издржување и тоа во местото или блиската околина или со населување во друг крај.

➲ 9 септември 1945. – Донесена е *Уредба за спроведување на населувањето на борциите во Војводина,* според која, приоритет на добивање земја (во просек 8 катастарски утра или 4,7 хектари по семејство) имале учесниците во НОБ, семејствата на загинати народни херои, офицери од Југословенската армија коишто по занимање биле земјоделци. Оваа уредба била надополнување на *Уредбата за редот на првенството на доделување земја* од 2 септември 1945.

➲ есента 1945. – Започна спроведувањето на *колонизацијата*. Таа претставуваше општествено-политичка мерка со која делумно се решаваше социјално-економската положба на населението од пасивните и со војната опустошените краишта, а исто така и проблемот на недостигот на работна сила за обработка на војводинската земја, напуштена по повлекувањето на германската народносна група заедно со нацистичките трупи. Главното колонизационо подрачје беше Војводина, каде беше формиран фонд од 235 000 хектари специјално за таа намена. Во рамките на надворешната (надвор од републиките) и внатрешната колонизација (во републички рамки), колонизирани се околу 60 000 семејства.

➲ 1 октомври 1945. – Народното собрание на ДФЈ го донесло *Законот за конечна ликвидација на земјоделските долгови,* кој бил допрецизиран една година подоцна (8 октомври 1946) со *Закон за потврдување и измена на Законот за конечна ликвидација на земјоделските долгови.* Со ликвидирањето на земјоделските долгови, отстранет е еден од потешките наследени товари на селанството.

➲ 18 октомври 1945. – Одржан е собир на селаните во с. Љубаништа, Охридско, на кој е формирана е првата селска задруга во Македонија. До крајот на 1945 година, во НРМ биле формирани вкупно 6 СРЗ.

➲ 11 ноември 1945. – Спроведени се изборите за Уставотворното собрание на ДФЈ на кои апсолутно мнозинство доби листата на Народниот фронт (90,48% од изброените гласови).

➲ 21 ноември 1945. – Владата на НРМ носи *Уредба за определување на бројот на околиите и месните народни одбори* со која се прекројува северната државна територија на НРМ. Според оваа *Уредба*, градовите Качаник, Прешево, Бујановац и Трговиште, коишто во тоа време (август 1944– ноември 1945) претставуваа македонски административни центри, управувани од повереенствата на Президиумот, беа отуѓени од НРМ. Заедно со нив беа отуѓени и некои села и дел од Козјачкиот масив, при што и манастирот Свети Отец Прохор Пчински, каде беа ставени темелите на современата македонска држава, влезе во составот на НР Србија.

➲ 29 ноември 1945. – Во Народното собрание во Белград, по изборите и изјаснувањето на народите на референдум, донесена е *Декларација за про-*

*гласување на Република*, а името на државата е променето во Федеративна Народна Република Југославија (ФНРЈ).

➲ 25 декември 1945. – Донесување на *Законот за аграрна реформа и внатрешна колонизација на НРМ*, според рамките утврдени во сојузниот закон.

➲ 28 декември 1945. – Тргнал првиот организиран транспорт на македонски колонисти за Војводина, вкупно 50 семејства со 304 членови. Низ повеќе транспорти, до почетокот на 1948 година, кога формално завршила колонизацијата во Војводина, од планираните 2 000 семејства од Македонија, во Војводина биле населени вкупно 1 678 семејства со 10 352 членови на семејствата. Најголемиот дел од нив се населиле во Банат (1 538 семејства со 9 520 членови), а далеку помал број во Бачка (137 семејства со 782 членови) и Срем (7 семејства со 50 членови).

➲ 10 јануари 1946. – Започнува спроведувањето на Законот за ревизија на доделувањето земја на бившите колонисти и аграрни интересенти во Македонија и Косовско-метохиската област, на теренот на Македонија. Законот го спроведувале специјални тела, тн. *мешовити комисии,* составени од претставници на републичките и федералните органи, со мешан национален состав, заради избегнување на пристрасноста во донесувањето решенија околу парцелите што потпаѓале под ревизизија. Претседател на главната мешовита комисија во Македонија бил полковникот Мирко Крџиќ.

➲ јануари 1946. – Се формираат аграрните комисии во НРМ задолжени за спроведување на аграрната реформа на теренот. Во текот на февруари и во почетокот на март била спроведена првата етапа од аграрната реформа во Македонија – експропријација на земјата, додека во втората половина на март била извршена втората етапа – поделбата на земјата на малуимотното и безимотното земјоделско население.

➲ 31 јануари 1946. – Уставотворното собрание на ФНРЈ го прогласува *Уставот на Федеративна Народна Република Југославија* со кој, по примерот на советската федерација, воспоставен е систем на централизиран федерализам. Со овој устав републиките дел од своите суверени права, во обем утврден со сојузниот устав, £ ги пренесуваат на сојузната држава.

➲ 19 февруари 1946. – Комисијата за аграрна реформа и колонизација при Владата на ФНРЈ издава *Општи упатства за формирање и работа на СРЗ,* а веднаш потоа на 25 февруари, Министерството за земјоделие и шумарство на ФНРЈ ги објавило *Угледните правила за СРЗ*. На 18 јули 1946 е донесен и *Основниот закон за задругите*.

➲ март 1946. – Започнало спроведувањето на *внатрешната колонизација* во Македонија, на земјата планирана со аграрната реформа специјално за таа намена (7 103 хектари). Од планираните 2 050 семејства од опожарените, пасивни и со војната опустошени краеви, биле преселени во краевите каде што имало доволно земја околу 1 036 семејства.

➲ март 1946. – Формирана е организацијата ВМРО–СДРМА (ВМРО – Самостојна Демократска Република Македонија под протекторат на Америка) која во текот на 1949 г. се трансформирала и се преименувала во ВМРО–ПРАВДА. Нејзина цел била борба за обединета Македонија во рамките на

која и да е федерација, за демократизација на политичките односи, а посебно борба против насилните методи на колективизацијата на македонското село.

➲ 15–18 април 1946. – Одржување на Четвртото заседание на Народното собрание на НРМ, дури една година подоцна од Третото заседание на АСНОМ. Беше свикано заради кадровски промени, односно заради реализирање на претходно планираното отстранување на Методија Андонов – Ченто. На заседанието беше прифатена оставката на Ченто и избран е нов Президиум.

➲ мај 1946. – Донесен е *Закон за народните одбори*, со кој се озаконети собирите на избирачите и советите на граѓаните и комисиите. Инаку, според уставот од 31 јануари 1946 година, основата на власта ја сочинуваат претставничките тела – собранијата и народните одбори, а сите други тела произлегуваат од нив и ним им се одговорни.

➲ 31 јули 1946. – Донесен е *Законот за премин во државна сопственост на непријателските имоти и секвестарот над имотите на отсутните лица*, со кој е потврдена конфискацијата на имотите започната со *Решението* на АВНОЈ од 21.11.1944.

➲ 22 септември 1946. – Одржани се избори за народни пратеници за Уставотворното собрание на НРМ.

⇨ Седница на Политбирото на ЦК КПЈ на која се расправало за национализацијата на приватната сопственост.

➲ 19 ноември 1946. – Во Скопје започна монтираниот процес против Методија Андонов – Ченто, кој претходно, на 14 јули, во голема тајност е уапсен во Прилеп и префрлен во скопски затвор. На 31 јули, министерот за внатрешни работи Цветко Узуновски – Абас, за прв пат јавно објавува дека „на грчката граница“ е уапсен Методија Андонов при наводен обид за илегално бегство од државата. Скопскиот окружен народен суд во состав: претседател – Панта Марина и членови – Лазар Мојсов и Коле Чашуле, заменик-јавен обвинител Благоја Поповски, ја објави пресудата со која за кривично дело е осуден Матодија Андонов – Ченто „на 11 години лишување од слобода со присилна работа и пет години на губење на граѓанските и политички права и конфискација на најдените предмети кај него“.

➲ 5 декември 1946. – Народното собрание на ФНРЈ го донесе *Законот за национализација,* со што се потврди, главно, веќе постојната состојба, укинатата приватната сопственост во вонаграрното стопанство. Со Законот за национализација беа опфатени претпријатијата од „општодржавно“ и „републичко значење“ во 42 гранки на стопанството. Наполно се укина приватниот сектор во индустријата од т.н. сојузно и републичко значење, во банкарството, сообраќајот и велетрговијата; во сопственост на државата преминаа околу 70% од препријатијата на локалната индустрија.

➲ 16 декември 1946. – Во слободна НРМ започна со работа Филозофскиот факултет во Скопје, со што беа поставени основите на високото образование во републиката. Една година подоцна се отворени Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет.

➲ 31 декември 1946. – Донесен е првиот Устав на Народна Република Македонија, според сојузните насоки и рамките на сојузниот Устав.

➲ 11 март 1947. – Донесена е *Уредба за откуп на житарици* со која задолжителниот откуп на земјоделските производи се воведува како релативно траен систем. Со него се вршела нееквивалентна размена помеѓу земјоделските и индустриските производи, со постоење на отворени ножици на цените во полза на индустриските производи, а на штета на земјоделските. Врз основа на ваквата нееквивалентна размена, се извлекувал екстра профит од земјоделството кој претставувал основен извор за финансирање на индустријализацијата на земјата.

➲ 1 април 1947. – Започна изградбата на пругата Шамац–Сараево во должина од 242 километри. Благодарејќи на учеството на 212 000 членови на Народната младината на Југославија, пругата беше завршена на 15 ноември 1947.

➲ 28 април 1947. – Третото редовно заседание на Сојузниот совет и Советот на народите на Народното собрание на ФНРЈ донесе *Закон за Петгодишниот план на развиток на народното стопанство во годините 1947–1951.* Првиот југословенски Петгодишен план, со сила на државен закон, како и целиот систем на државното уредување со стопанството, беше направен по угледот на советските „петолетки", односно советскиот стопански систем. Со законот се планираше во 1951 година, во споредба со 1939., индустриското производство во Југославија да порасне за петпати, а земјоделското за 1,5 пати.

➲ 7 јули 1947. – Според глобалните одредби на сојузниот план, Народното собрание на НРМ донесе *Закон на Петгодишниот план на развитокот на народното стопанство во Народна Република Македонија во годините 1947–1951* кој, во 36 члена, дава детални насоки за зголемување на производството и развојот на стопанските дејности.

➲ 1 септември 1947. – Владата на НРМ носи *Уредба за забрануење држење кози односно ограничување на нивниот број.* Уредбата била допрецизирана со *Законот за забрануење држење кози на територијата на НРМ* донесен од Народното собрание на НРМ на 24. ноември 1948 г. Со спроведувањето на овие акти во Македонија бројот на козите од 516. 831 во 1947 г. опаднал на 69 350 во 1952 г. Ова било погубно за македонскиот селанец во планинските пасивни села каде што козата била речиси единственото и најрентабилното домашно животно и извор на сточни прехранбени производи. Со оглед на тоа што селаните во замена за козите не добиле друг соодветен добиток, многумина од нив, токму и заради забраната за држење кози, ги напуштиле своите места на живеење во потрага по други извори на егзистенција. Така, за десетина години се испразниле стотини планински села во НРМ.

➲ крајот на 1947. – На иницијатива на ЦК КПЈ започнува изградбата на задружните домови во рамките на „социјалистичката преобразба на земјоделството". Требало да станат стопански центри и културни жаришта на селото. Нивното градење станува поинтензивно во периодот на колективизацијата 1949–1953, а се прекинува со напуштањето на политиката на колективизација.

➲ февруари 1948. – Воведување систем на врзани цени заради стимулирање на задожителниот откуп на земјоделски производи. Според овој систем, земјоделскиот производител можел да се снабдува со индустриски про-

изводи по ниски единствени цени за целата вредност на откупените земјоделски производи.

➲ 1 март 1948. – Седница на Политбирото на ЦК КПЈ на која е констатирано нарушување на односите со СССР, а Јосип Броз Тито констатира дека е загрозена и независноста на ФНРЈ.

➲ 27 март 1948. – Писмо на ЦК СКП(б) до ЦК КПЈ во кое се вршат напади на политиката на југословенското раководство дека „во југословенската компартија не се чуствува духот на политиката на класната борба" и дека „порастот на капиталистичките елементи на село... оди во полн чекор... Комунистичката партија на Југославија се упива во гнила опортунистичка теорија за мирно срснување на капиталистичките елементи во социјализам...".

➲ 28 април 1948. – Дополнет е Законот за национализација од 5 декември 1946 со нов закон, со кој обемот на национализацијата, во голема мера, се прошири и на ситното индустриско производство. Законот требаше да ги побие обвинувањата со кои Сталин ја доведуваше во прашање класната природа на КПЈ. Во приватна сопственост останаа само занаетчиските дуќани и ситните занаетчиски претпријатија, кои во рамките на планското стопанство исто така се ставени под контрола на државата.

➲ 4 мај 1948. – Второ писмо на ЦК СКП(б) кое ги повторува и ги разработува начелните обвинувања од првото, при што југословенското раководство особено е критикувано заради неспроведување национализација на земјата по примерот на Советскиот Сојуз.

➲ 3 јуни 1948. – Распишан е *Народен заем на Петгодишниот план на развитокот на народното стопанство на ФНРЈ* во износ од 3,5 милијарди динари, кој требало уште посилно да ги мобилизира домашните работни потенцијали и да ја отстрани опасноста од неисполнувањето на Петгодишниот план. Во 1950 г. се распишува *Втор народен заем на Петгодишниот план*, кој се остварувал по пат на доброволен јавен упис и се отплаќал во рок од 10 години со камата од 8% годишно, а исто така се донесува *Закон за продолжување на извршувањето на Законот за Петгодишниот план на развитокот на народното стопанство на ФНРЈ во годините 1947–1951*, според кој извршувањето на Планот се продолжило за една година.

➲ 28 јуни 1948. – Објавена е резолуцијата на Информбирото *За состојбите во КП на Југославија,* по која Југославија е изолирана од Советскиот Сојуз и од другите земји на комунистичкиот блок. На 29 јуни ЦК КПЈ одржува состанок на кој се отфрлени нападите изнесени во резолуцијата на ИБ од 28 јуни 1948.

➲ 1 јули 1948. – Состанок на ЦК КПМ на кој е разгледана изјавата на ЦК КПЈ од 29 јуни по повод резолуцијата на ИБ од 28 јуни и е донесена *Резолуција на ЦК КПМ* со која „еднодушно" се прифаќаат ставовите на ЦК КПЈ.

➲ 21–28 јули 1948. – Во Белград е одржан е V конгрес на КПЈ, во атмосфера на целосен идеолошки и политички судир со КПСС и СССР. Отфрлена е Резолуцијата на ИБ како неточна, неправилна и неправедна.

➲ 18–22 декември 1948. – Во Скопје е одржан I конгрес на КПМ со учество на 541 делегат и со основна цел да се поддржи ЦК КПЈ во однос на надворешната и внатрешната политика на ФНРЈ.

➲ 26 јануари 1949. – Народното собрание на НРМ носи *Закон за Универзитетот,* со кој е формиран Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, највисока образовно-научна и културна институција во РМ. Во неговиот состав влегле: Филозофскиот, Медицинскиот и Земјоделско-шумарскиот факултет. Универзитетското собрание ја одржало својата прва седница на 24 април 1949.

➲ 28–30 јануари 1949. – Одржан е Вториот пленум на ЦК КПЈ на кој е заземен решителн курс за масовна *колективизација на земјоделството и селото*. По овој пленум започнува форсирана колективизација на македонското село, иако за тоа не постоеле никакви услови. Спроведувана со насилни методи, предизвика далекусежни негативни последици во развојот на македонскиот аграр.

➲ 4 март 1949. – Со Уредба на Владата на НРМ основан е Централен завод за заштита на спомениците на културата и природните реткости. Во 1965 е преименуван во Републички завод.

➲ 7 април 1949. – При ЦК КПМ е формирана Комисија за село со основна задача „будно да го прати“ правилното спроведување „на линијата на партијата на село, а во прв ред одлуката од Вториот пленум на ЦК КПЈ за социјалистичко преобразување на селото, како и да им помага на надлежните државни и задружни органи во нивното извршување на задачите во социјалистичката реконструкција на земјоделието по пат на земјоделско задругарство“.

➲ 19 април 1949. – Донесен е *Закон за поделба на територијата на НРМ на области*, дополнет со *Закон за изменување и дополнување на Законот за административно-територијалната поделба на НРМ* од 26 октомври 1949 г. Во НРМ биле формирани три области: ① Скопска (со 11 околии), ② Штипска (со 11 околии), и ③ Битолска (со 13 околии).

➲ пролетта 1949. – Станува забележливо „движењето за враќање во Турција“, односно барањата на турското малцинство од НРМ за преселување во Турција. До 1954 г. македонското државно-партиско раководство има негативен став околу прашањето за иселување на Турците, а потоа го менува ставот и го олеснува иселувањето. До 15 март 1959 г. од Македонија во Турција се иселиле 143 800 лица. Истовремено во Македонија било населено друго население од муслиманска вероисповед, главно Албанци, од другите делови на ФНРЈ (Косово, Санџак, БиХ, Србија). Според некои непотполни податоци, во 1959 г. биле евидентирани 22 776 лица. Ова е бројка само на лица што официјално добиле републичко државјанство на НРМ, а за непријавените не се знаела точната бројка.

➲ 9 јули 1949. – Во логорот „Голи Оток“ биле доведени првите 1 200 казнети лица, главно, поради прифаќање на Резолуцијата на Информбирото. На „општествено корисна работа“ вкупно биле казнети 11 694 лица, сместени на островите Голи Оток и Гргур. Покрај овој број, поради ИБ, судски одговарале уште 5 037 лица. Логорскиот режим се одликувал со крајна бруталност и нечовечки методи. Сѐ до 1955 година, „Голи Оток“ официјално не бил регистриран како затвор.

➲ 23 декември 1949. – Објавено е *Упатство за основање и работа на работнички совети на државните стопански претпријатија* на Стопан-

скиот совет на Владата на ФНРЈ и на Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија (ССЈ). Според ова Упатство се започна и со пробно формирање на работнички совети.

➲ 27 јули 1950. – Во Народното собрание на ФНРЈ е усвоен *Основниот закон за управување со државните стопански претпријатија и стопанските здруженија од страна на работните колективи,* кој се смета за почеток на „самоуправниот модел“ според кој југословенскиот социјализам се разликувал од другите. Ортодоксниот сталинистички модел понатаму е реформиран со политиката на „ДДД“ („децентрализација, дебирократизација, демократизација“).

➲ јануари 1951. – Во НРМ е донесен е *Закон за забарана на носење зар и фереџе*, како обид на државата да го интензивира процесот на еманципација на жената од муслиманска вероисповед.

➲ 13 јули 1951. – На Голи Оток, во болницата на градилиштето „Мермер“, починал изнемоштениот Панко Брашнаров, „илинденец, член на ЦК на бившата ВМРО (Обединета) и потпретседател на АСНОМ“. Тој бил притворен на 11 декември 1950 поради неговото определување за резолуцијата на ИБ и товареен според одредбите на Законот за кривични дела против народот и државата. На 30 јуни 1951 Народниот одбор за гр. Скопје, Служба за прекршоци, издал решение со кое го упатува Панко Брашнаров на „превоспитување и општествено полезна работа“ во траење од 24 месеци во логорот „Голи Оток“.

➲ крај на 1951. – Излегува *Упатството на ЦК КПЈ за натамошниот развој и унапредување на задругарството,* со кое се бара пореално приоѓање кон задругарството, односно водење сметка за условите при формирањето на СРЗ. И покрај тоа, во НРМ продолжува насилното формирање на задругите како „единствен пат“ на воведувањето социјализам на село.

➲ 1 јануари 1953. – Укинат е задолжителниот откуп на земјоделски производи кој претставувал една од важните потпори на државата во стоковиот промет во услови на административно раководење на државата.

➲ 13 јануари 1953. – Донесен е *Уставен закон за основите на општественото и политичкото уредување на ФНРЈ и на сојузните органи на власта* како и *Уставниот закон за општественото и политичкото уредување на НРМ.* Со сојузниот акт е укинат Соборот на народите и формиран е Собор на производители, со што е изгубен националниот белег на институционалната сојузна собраниска структура.

➲ 30 март 1953. – Сојузниот извршен совет донесува *Уредба за имотните односи и реорганизација на СРЗ*, со која формирањето на задругите се врзува со исклучивото почитување на принципот на доброволност и економска заинтересираност на производителите.

➲ 27 мај 1953. – Донесен е *Законот за селско-стопанскиот земјишен фонд на општонародниот имот и за доделување земја на селско-стопанските организации,* со кој земјишниот максимум во ФНРЈ се ограничува на 10 хектари.